Датум:

30.01.2015

# О Д Л У К А

**На Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по Жалбата на Владимир Вангелов за текстот објавен на Интернет - порталот Република со наслов "Незадоволните граѓани на Жерновски идентични со паркобраните и со тие од тимот на Пендаровски (фото)", за текстот објавен на Интернет - порталот Курир со наслов "Жерновски и СДСМ постојано користат едни исти луѓе за остварување на нивните цели" и за текстот објавен на интернет порталот Нетпрес со наслов "ФОТО: "Дете" за сите протести на Жерновски и СДСМ", сите објавени на 06.10.2014 година.**

## П Р Е Т С Т А В К А Т А  С Е  О Т Ф Р Л У В А  П О Р А Д И  З А Д О Ц Н Е Т О С Т

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 17.12. 2014 година, лицето Владимир Вангелов поднесе Жалба за текстот објавен на Интернет - порталот Република со наслов "Незадоволните граѓани на Жерновски идентични со паркобраните и со тие од тимот на Пендаровски (фото)", за текстот објавен на Интернет - порталот Курир со наслов "Жерновски и СДСМ постојано користат едни исти луѓе за остварување на нивните цели" и за текстот објавен на Интернет - порталот Нетпрес со

наслов “ФОТО: “Дете” за сите протести на Жерновски и СДСМ”, сите објавени на 06.10.2014 година.

Извршната канцеларија на СЕММ веднаш по приемот изврши увид во Жалбата и констатираше дека од објавувањето на текстовите на ден 06.10.2014 година, па се до поднесувањето на Жалбата на ден 17.12.2014 година поминале 73 дена.

Во согласност со член 5 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби на Совет за етика во медиумите на Македонија, Жалба може да се поднесе во рок од еден месец откако е објавен новинарскиот текст/прилог.

Во согласност со ваквата, фактичка, состојба, извршната канцеларија на СЕММ одлучи како во диспозитивот.

Со почит,
Совет за етика во Медиумите на Македонија